Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08 - 522/2
21.07 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на членовите 28 и 112 од Законот за високо образование (Сл.весник на РМ бр.82/2018) и член 37 од Статутот на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст Скопје) Наставничкиот Совет на својата 25-та Седница одржана на 20.07.2023 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за единствени правила за студирање на прв циклус стручни студии на Бреинстер Некст Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

**Член 1**

Со Правилникот за единствени правила за студирање на прв циклус стручни студии – додипломски студии на Бреинстер Некст Скопје (во натамошниот текст: Правилник) се уредуваат: начинот на студирање, промени на статус студент, полагање на испити, структура на оценување, услови за стекнување на диплома, дисциплинска одговорност на студентите во случај на прекршување на одредбите на овој правилник и останатите акти на Бреинстер Некст.

### Примена на Правилникот

**Член 2**

Одредбите од овој Правилник се применуваат на сите акредитирани студиски прогами на прв циклус студии – додипломски студии на Бреинстер Некст Скопје.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### Траење на студиите

**Член 3**

На Бреинстер Некст Скопје се организираат студиски програми од прв циклус стручни студии – додипломски студии. Првиот циклус на студии трае три години и со негово завршување се стекнуваат најмалку 180 ЕКТС кредити. Одредени студиски програми можат да се реализираат интегрирано низ првиот и вториот циклус студии.

### Студиски програми

**Член 4**

Студиските програми содржат задолжителни и изборни наставни предмети. Соодносот на овие наставни предмети е определен во согласност со Законот за високо образование. Студиските

програми можат да имаат и други компоненти определени со Статутот на Бреинстер Некст Скопје. Наставата на студиските програми се одвива на македонски и англиски јазик.

### Останати информации

### Член 5

Останатите информации во врска со студиските програми на прв циклус студии се утврдуваат со наставните програми на Бреинстер Некст.

Бреинстер Некст може да ја организира наставата во своите простории, преку видеоконференциска врска, комбинација на снимени видео материјали и физичко присуство во своите простории или комбинирано (хибридно образование).

Хибридното образование подразбира следење на наставата кој овозможува соодветно физичко дистанцирање преку организирање на дел од предавањата преку видеоконференциска врска.

Колоквиумите, другите типови на испитни задачи, завршните испити и презентациите на проектите на студентите во случај да не може да се организираат во просториите на Бреинстер Некст (по писмен или усмен пат) ќе се организираат преку средствата за синхрона и асинхрона комуникација (дигитална платформа или друг сличен софтвер), преку видеоконференциска синхрона комуникација, или на друг начин соодветен за оценување на знаењето на студентот определен од предметниот наставник.

## III. СТУДЕНТИ

### Статус студент

### Член 6

Студентот се стекнува со статус студент со запишување на прв циклус стручни студии.

Статусот студент се докажува со студентска идентификациона картичка или со индекс (електронски или принтани).

Студентот има право на редовно студирање, со статус на редовен студент.

### Член 7

На студентот му престанува статусот студент доколку:

- дипломира,
- не ги заврши студиите во рокот утврден со закон, статутот или студиската програма,
- се испише од Бреинстер Некст Скопје,
- студиите ги стави во мирување подолго од две (2) години,
- има прекин во студирањето, повеќе од дванаесет (12) месеци,
- е исклучен од Бреинстер Некст Скопје,
- во други случаи утврдени со статутот на Бреинстер Некст Скопје.

### Промени на статусот студент

### Мирување на студии

**Член 8**

На студентот, може да му мирува статусот студент по негово барање, кога за тоа постојат оправдани причини:

- породилно отсуство;
- со дете до 1 (една) година старост,
- поради болест подолга од 1 (еден) семестар,
- поради семејни причини;
- за време на меѓународна размена на студентите во траење подолго од 30 ден во текот на одржување на наставата, доколку со наведената размена не се стекнуваат ЕКТС кредити,
- за време на упатување на стручна пракса во траење од најмалку 6 (шест) месеци;
- за време на подготовка и настапи на спортски настани кога има статус на член на репрезентацијата на државата;
- неможност за исполнување на финансиските обврски;
- во други случаи за чија оправданост одлучува директорот.

Мирувањето на студиите го одобрува директорот врз основа на писмено барање на студентот и доставена соодветна документација.

**Член 9**

Студентот треба да достави писмено барање за ставање на студиите во мирување до администрацијата на Бреинстер Некст (во натамошниот текст: администрација). Администрацијата го заведува барањето на денот на прием во архивата на Бреинстер Некст и доставува копии од барањето до службата за финансии, директорот и една копија во досието на студентот. Доколку се утврди дека барањето ги содржи а студентот ги исполнува условите од член 8 став 1, администрацијата подготвува одлука за ставање на студиите во мирување на студентот и ја доставува на потпис до директорот. Копија од одлуката се доставува до службата за финансии и во досието на студентот.

Мирувањето на студиите може да трае до две (2) години од денот на започнување на периодот на мирување.

Администрацијата е должна во рок од 60 календарски дена пред истекот на периодот на мирување да прати известување до студентот за повторно активирање на неговиот статус студент. Доколку студентот не се јави во администрацијата во овој период, тој го губи статусот студент.

Администрацијата подготвува одлука за престанок на статусот студент и ја доставува на потпис до директорот. Копија од одлуката се доставува до службата за финансии и во досието на студентот. Студентот се известува за престанок на неговиот статус по писмен пат.

Студентот кој ги ставил студиите во мирување, должен е да ги измири сите финансиски обврски за тековниот година во кој е запишан и за предметите кои ги регистрирал, како и за претходните студиски години кои ги комплетирал пред тековната студиска година ако постојат такви и ако не се покриени финансиските обврски за тие години.

Средствата кои биле уплатени, а неискористени како резултат на мирување, се пренесуваат на семестарот во кој студентот ќе продолжи со студирањето, освен доколку мирувањето трае повеќе од две (2) години, во кој случај средствата не се пренесуваат.

Студентите кои се во мирување, не влегуваат во вкупниот број на активни студенти на Бреинстер Некст.

Доколку за време на мирувањето на студиите настанат измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма и е должен да ги исполни обврските што претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.

## Прекин на студии

### Член 10

Доколку студентот има прекин на студии повеќе од дванаесет (12) месеци односно:

- не регистрирал семестар и/или
- не посетувал настава и не полагал испити

а за причините не ја известил по писмен пат администрацијата на Бреинстер Некст (во натамошниот текст: администрација), го губи статусот студент.

Администрацијата води евиденција и праќа писмено известување до студентот од став 1 на овој член, доколку во рок од 6 месеци после дванаесте (12) месеци прекин во студирањето студентот не се јави да регистрира предмети, по што му престанува статусот студент.

Доколку студентот не се јави во период од 6 месеци, администрацијата подготвува одлука за престанок на статусот студент и ја доставува на потпис до директорот. Копија од одлуката се доставува до службата за финансии и досието на студентот. Студентот се известува за престанок на неговиот статус по писмен пат.

Независно од датумот на прекин со студирањето, студентот е должен да ги подмири сите финансиски обврски за годината во кој го прекинал студирањето, како и за претходните студиски години кои ги комплетирал пред тековната студиска година ако постојат такви и ако не се покриени финансиските обврски за тие години. . Средствата кои биле уплатени, а неискористени како резултат на прекин не му се враќаат на студентот, освен во случај ако ја надминуваат сумата која студентот е должен да ја плати. Во таков случај, на студентот му се враќа делот кој е над сумата која студентот е должен да ја плати.

Студентите кои имаат прекин на студии, не влегуваат во вкупниот број на активни студенти на Бреинстер Некст.

Доколку за време на прекинот на студиите настанат измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма и е должен да ги исполни обврските што претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.

### Член 10а

Доколку студентот отсуствува од настава последователно 30 календарски денови и не го оправда своето отсуство со приложување на медицинска белешка или оправдување од родител односно старател, директорот или генералниот менаџер има право да донесе одлука за исклучување на студентот од студии, со што му престанува статусот студент на Бреинстер Некст Колеџ.

Администрацијата води евиденција и преку каналите за редовна комуникација (рокетчет) праќа известување до студентот од став 1 на овој член во рок од 8 работни денови сметано од денот на известувањето да го оправда своето отсуство со приложување на медицинска белешка или оправдување од родител односно старател.

Доколку студентот не го оправда своето отсуство во предвидениот рок од став 2 на овој член, администрацијата испраќа опомена до студентот преку службените контакт податоци (електронска пошта на студентот) наведени во договорот за студирање, во рок од 15 работни

денови сметано од денот на испратената опомена да го оправда своето отсуство со приложување на медицинска белешка или оправдување од родител односно старател.
Доколку студентот не одговори во роковите утврдени во претходните ставови на овој член, администрацијата го известува родителот односно старателот на студентот преку службените контакт податоци (електронска пошта и телефонски) наведени во договорот за студирање, во рок од 15 работни денови сметано од денот на испратеното известување да го оправда отсуството на студентот.
Доколку родителот односно старателот во предвидениот рок не го оправда студентот, администрацијата испраќа писмена опомена пред исклучување на адресата на живеење на студентот, со рок од 15 работни денови сметано од денот на испратената писмена опомена да го оправда своето отсуство.
Доколку студентот не се јави во сите обиди за комуникација, утврдени во овој член, администрацијата подготвува одлука за исклучување и ја доставува на потпис до директорот или генералниот менаџер. Копија од одлуката се доставува до службата за финансии и досието на студентот. Студентот се известува за престанок на неговиот статус по писмен пат.
Независно од датумот на исклучувањето, студентот е должен да ги подмири сите финансиски обврски за годината во кој престанал неговиот статус, како и за претходните студиски години кои ги комплетирал пред тековната студиска година ако постојат такви и ако не се покриени финансиските обврски за тие години.

**Член 11**

Обврската од член 10 став 4 студентот ја има и тогаш кога поради дисциплинска одговорност е исклучен, или се испише од Бреинстер Некст.

## ПРАВА НА СТУДЕНТОТ

**Член 12**

Студентот ги има правата предвидени во Законот за високо образование, како право на настава во согласност со пропишаните стандарди на Бреинстер Некст, право на слободно искажување на мислења и ставови во текот на наставата и другите активности на Бреинстер Некст, право да ги користи библиотеката и базите на податоци, просторот, опремата (учебните помагала), софтверот и друга научна и стручна инфраструктура на Бреинстер Некст и други права.
Студентот има право да ги заврши студиите според студиската програма по која започнал. Бреинстер Некст има право да ја менува студиската програма, при што задолжително треба да го извести студентот, кој има право да избере по која студиска програма да го продолжи студирањето.
Студентот има право да се консултира со администрацијата на Бреинстер Некст, директорот, генералниот менаџер и академските советници на Бреинстер Некст.
Студентот има право да членува и да учествува во работењето на одредени органи на Бреинстер Некст.
Студентот има право на изјаснување за квалитетот на наставата и на наставниот кадар, односно надворешните и внатрешните соработници, преку спроведување на организиран процес на евалуација, кој го гарантира интегритетот на студентот.

Студентот има и други права предвидени со Законот за високо образование, Статутот и другите општи и поединечни акти на Бреинстер Некст.

**Член 13**

Студентот запишува семестри, односно предмети во секој семестар според кредит-трансфер систем. Пред започнување на семестарот, во рокот за регистрација на предмети, студентот има право да избере и регистрира предмети кои ќе ги слуша во тој семестар.
Во еден семестар, студентот има право да регистрира предмети кои заедно носат најмалку 24, а најмногу 30 ЕКТС кредити.
По исклучок студент кој постигнал повисок просек (просек над 8.0) кој има право, во еден семестар, да регистрира повеќе од 30 ЕКТС кредити согласно актите на Бреинстер Некст. Исклучок од став 2 на овој член може да се направи во случај на студенти кои се трансфер од други високообразовни установи и студенти кои покажале особени практични знаења и вештини.
Како услов за запишување на одредени предмети, Бреинстер Некст може да пропише обврска за успешно совладување (освојување кредити) на предусловни предмети. Условеноста на предметите се одредува со одлука на Наставничкиот совет.
Во вкупниот број на кредити предвидени со студиската програма влегуваат кредитите освоени од практична настава, а кои се определени со наставните програми и правилникот за реализирање на практична настава.

**Член 14**

Студентот може по сопствен избор да избере друг содветен предмет, доколку студиската програма дозволува, а најдоцна во рок од две (2) недели од првиот ден на настава.

**Член 15**

Студентот има право да биде навремено информиран за сите релевантни прашања кои се однесуваат на неговото студирање.

**Член 16**

Во определени случаи, студентот може да ја следи наставата преку видеоконференциска врска доколку техничките услови на Бреинстер Некст и самиот предмет го дозволуваат тоа. Во таквите случаи, активноста на студентот ќе биде евидентирана од страна на академскиот кадар според прописите и актите на Бреинстер Некст, кои се однесуваат на следење на студентите при организирање на наставата во просториите на Бреинстер Некст.

**Член 17**

Студентот има право да учествува во управувањето со Бреинстер Некст, преку правото да избира и да биде избран во органите на Бреинстер Некст на начин утврден со Закон.
Со цел заштита на своите интереси, студентот има право да учествува во формирањето и да биде член на Сојузот на студенти и други студентски организации.

**III.1 РЕДОВНИ СТУДЕНТИ**

### Настава за редовни студенти

**Член 18**

Наставата за студентите на прв циклус стручни студии се одвива во најмалку 6 семестри, вклучувајќи и летни семестри доколку се организирани.

Редовните студенти се должни редовно да ја посетуваат наставата.

Во случај на организирање на хибридно образование, студентот е должен да си обезбеди соодветна опрема за видеоконференциска врска (персонален компјутер со најмалку јачина I3 јачина на процесор или мобилен телефон со 4GB RAM, како и интернет пристап).

Редовен студент кој има до 20% изостаноци од вкупниот број на часови за соодветниот предмет има право да полага во редовниот термин за полагање на финален испит (финален колоквиум или финална испитна задача), но студентот ќе има пропорционално намалување на бодовите од присуство на предавања и вежби и активност на час, кои се дел од структурата на конечната оценка.

Редовен студент кој има повеќе од 20% изостаноци од вкупниот број на часови за соодветниот предмет нема право да полага во редовниот термин за полагање на финален испит (финален колоквиум или финална испитна задача), односно студентот ќе полага во поправна испитна сесија, која ќе биде објавена од страна на Бреинстер Некст.

Во редовниот термин за полагање на финален испит (финален колоквиум или испитна задача) имаат право да полагаат само студенти кои ги полагале претходните колковиуми, делови од испитна задачи и/или испитна задача.

Одредбите од претходните ставови на овој член не се однесуваат за студентите кои отсуствувале од настава последователно 30 календарски денови и не го оправдале своето отсуство во согласност со одребите од член 10а на овој Правилник.

### Полагање испити на редовни студенти

**Член 19**

Бреинстер Некст објавува академски календар во кој се организира наставата и се утврдуваат испитните рокови за редовните студенти. Во текот на академската година, со одлука на Наставничкиот совет, може да се определат и други испитни рокови.

### Структура на оценување на редовните студенти

**Член 20**

Структурата на оценување на редовни студенти се одредува на следниот начин:

- 10% од оценката – Присуство на час
- 10% од оценката - Активно учество за време на час
- 30% од оценката – Испитни задачи, колоквиуми и друг тип тестирања во текот на семестарот.
- 20% од оценката – Есеи, истражувачки проекти и домашни задачи и практична работа
- 30% од оценката - Завршен испит

Наставниците можат да го променат износот на факторите кои ја сочинуваат конечната оценка врз основа на потребите и типот на предметот.

Наставниците на соодветните предмети структурата на оценување задолжително ја наведуваат во наставниот план (силабус), кој го доставуваат на првиот час на студентите.
По исклучок наставникот може да организира и устен испит при што задолжително присуствува уште еден наставник на испитот.

**Структура на оценување во дополнителна (поправна) сесија**

**Член 21**

Ако редовниот студент не го положи испитот од некој предмет во редовниот термин, има право да го полага тој испит во поправна сесија што ќе биде определена од страна на Наставничкиот совет на Бреинстер Некст.

При полагањето на испитот во поправна испитна сесија, се применува следната индикативна структура на оценување:

- испит – 40%
- проект – 60%.

Наставниците можат да определат повеќе начини на проверка на знаењето, критериуми и релативни вредности на одделните делови кои ја сочинуваат конечната оценка од испитот што студентите го полагаат во поправната сесија. Наставниците на соодветните предмети начинот на проверка на знаењето и структурата на оценување задолжително ја наведуваат во наставниот план (силабус), кој го доставуваат на првиот час на студентите.

Студентот нема да добие позитивна оценка, ако на испитот освои помалку од 50% од вкупниот број на можни поени.
Секое повторно полагање на ист предмет во редовна и поправна сесија се евидентира во досието на студентот.

## IV. ОЦЕНУВАЊЕ

**Начин на оценување**

**Член 22**

Оценувањето се изразува со оценки во вид на броеви од 5 (пет) до 10 (десет), при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех. Оценувањето е согласно табелата од овој член.

| Процент % | Оценка | Описна оценка |
|---|---|---|
| 91-100 | 10 | Исклучително |
| 81-90 | 9 | Одлично |
| 71-80 | 8 | Многу добро |
| 61-70 | 7 | Добро |
| 51-60 | 6 | Доволно |
| 0-50 | 5 | Недоволно |

На студент кој е спречен да ја комплетира задолжителната работа по предметот поради објективни причини му се доделува категорија на описна оценка “некомплетно”. Студентот е должен да ги заврши преостанатите обврски по предметот до средината на следниот семестар, во спротивно повторно го регистрира предметот, за што ги сноси трошоците.

## Стекнување диплома

### Член 23

Студентот се стекнува со диплома со завршување на:

- сите пропишани обврски и испити во согласност со тековната студиска програма од прв циклус стручни студии и
- со остварени потребен број кредити пропишани со студиската програма.

Врз основа на евиденцијата што се води за него во службата за студентски прашања, му се издаваат уверение, диплома и додаток на диплома. Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв циклус стручни студии и се стекнува со соодветен стручен назив. Составен дел на дипломата е додадокот на дипломата.

### Член 24

На студентот што завршил прв циклус стручни студии може да му се одземе издадената диплома ако се утврди дека:

- не ги исполнува условите за добивање статус на студент,
- се стекнал со соодветно звање спротивно на условите за стекнување стручно завање утврдени со законот, статутот, општите и поединечни акти на Бреинстер Некст или
- сторил кривично дело поврзано со стекнување на диплома.

Условите и постапката за одземање на дипломата се уредуваат со посебен акт на Бреинстер Некст.

## Почитување на правилата на Бреинстер Некст

### Член 25

Студентот е должен да се запознае и да се придржува кон Кодексот на етика и другите акти на Бреинстер Некст. Непридржување кон овој акт може да претставува основ за водење на дисциплинска постапка и превземање на дисциплински мерки.

За кршење на правилата за ред и дисциплина, непридржување на студентот кон правилата на Бреинстер Некст, како и за евентулано водење на дисциплинска постапка, без одлагање, ќе бидат известени родителите или старателите на студентот.

## Дисциплински мерки и право на заштита на студент

### Член 26

За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, на студент може да му се изрече дисциплинска мерка опомена, јавна опомена и исклучување.

Дисциплинската мерка исклучување се применува за учебната година во која е изречена.

Дисциплинските мерки ги изрекува комисијата за дисциплински мерки.
Во составот на дисциплинската комисија еден член делегираат студентите.
Постапката за дисциплинската одговорност се спроведува врз начелото на праведност и сослушување од страна на комисијата за дисциплински мерки.

## Дисциплински повреди

### Член 27

Како лесни дисциплински повреди се сметаат:

1. нарушување на јавниот ред и мир за време на наставата;
2. непристојно однесување кон наставничкиот и ненаставничкиот кадар, како и кон другите студенти;
3. самоволно регистрирање заради добивање на поени за присуство и активност;
4. небрежно однесување спрема имотот на школата, што може да доведе до оштетување во проценет износ до 100 (стотина) евра во денарска противвредност.

### Член 28

Како тешки дисциплински повреди се сметаат:

1. поседување и користење на направи за телефонска и електронска комуникација за време на проверка на знаењето (испит/колоквиум);
2. препишување или давање било каква помош на друг студент во текот на проверката на знаењето (испит/ колоквиум);
3. недозволено носење на опрема за аудио и/или видеофиксирање на авторско дело, вклучувајќи и приклучени мобилни телефони од страна на студентите при изведување на наставата;
4. плагијаторство во форма на пренесување на туѓ труд во свое име;
5. физички напад со нанесување на лесна повреда;
6. физички напад со нанесување на тешка повреда;
7. вербална или реална навреда на наставнички или ненаставнички кадар;
8. давање на неточни податоци на органите;
9. упад во информатичкиот систем, односно на интернет страницата, образовниот портал, електронските досиеја на студентите и сл.;
10. оштетување на имотот на школата во проценет износ над 100 (стотина) евра во денарска противвредност;
11. присвојување на предмети кои се во сопственост на школата;
12. фалсификување или злоупотреба на документи издадени од страна школата;
13. злоупотреба на финансиските средства на Студентското собрание;
14. повторени лесни дисциплински повреди.

## Дисциплинска постапка

### Член 29

Дисциплинската постапка се поведува со писмено барање, кое се предава во архивата и истото преку Директорот се доставува до Комисијата за дисциплински мерки. Поднесеното писмено барање за поведување на постапката содржи:

1. Име и презиме на лицето што ја пријавува дисциплинската повреда;
2. Податоци за сторителот на повредата;
3. Образложение;
4. Докази.

Врз основа на писменото барање за поведување на постапката, Комисијата донесува решение за поведување дисциплинска постапка.

Решението од став (2) на овој член се доставува до: подносителот на барањето за поведување на постапката и до лицето против кое се поведува дисциплинската постапка - на рака или со препорачана пратка на домашна адреса.

Студентот против кого се поведува постапката мора да биде уредно известен и поканет да биде сослушан во врска со барањето.

Доколку студентот не се појави и не го оправда отсуството, Комисијата може да донесе одлука без негово присуство врз основа на доставените докази.

Повредата застарува во рок од 12 (дванаесет) месеци од денот на сторување на повредата како апсолутен рок, односно 6 (шест) месеци од дознавањето за сторената дисциплинска повреда.

## Одлука на Дисциплинската комисија

### Член 30

Комисијата за дисциплински мерки со решение може да донесе една од следниве одлуки:

1. Отфрлање на барањето за поведување на постапката по застареност;
2. Одбивање на барањето поради недоволно докази за сторена дисциплинска повреда;
3. Изрекување дисциплинска мерка.

Донесеното решение за изрекување дисциплинска мерка се објавува на огласната табла или на порталот и се доставува до:

1. Подносителот на барањето;
2. Студентот;
3. Архивата;
4. Досието на студентот.

Против одлуката на Комисијата за дисциплински мерки, студентот може да поднесе приговор до Наставничкиот совет, како второстепен дисциплински орган, во рок од 8 (осум) дена од денот на прием на решението за изрекување на дисциплинската мерка.

Наставничкиот совет може да го одбие приговорот и да го потврди решението на дисциплинската комисија, може да го отфрли приговорот како ненавремен или недозволен или може да го усвои приговорот и сам да ја реши работата.

## Дисциплинска комисија

### Член 31

Дисциплинската комисија е составена од двајца професори и еден студент.

Поблиски определби за дисциплинските повреди, мерки и постапки, како и за работата на дисциплинската комисија се утврдени во Правилникот за дисциплинска одговорност на студентите.

## V. БРЕИНСТЕР НЕКСТ

### Изготвување и реализација на студиските и предметните програми

**Член 32**

Реализацијата на студиските и предметните програми се следи од страна на надлежните служби на Бреинстер Некст.

Носителот на предметната програма е должен да води евиденција за текот на реализацијата на програмата, реализираните активности од страна на студентите и постигнатиот успех.

**Член 33**

Евалуацијата на студиските и предметните програми се врши преку надворешна евалуација, самоевалуација и оценување на квалитетот на наставниот кадар.

### Административна поддршка

**Член 34**

Во текот на студирањето за секој студент се води досие во кое се содржани:

- апликација за студирање
- општи податоци за студентот
- договор за студирање
- избрана студиска програма
- регистрирани предмети, по семестар
- број и назив на положени предмети
- добиени оцени, односно бројот на освоени кредити по предмет
- времетраење на студирањето.

**Член 35**

Доколку студентот преминал од друга образовна институција, во неговото досие, покрај документите и податоците од член 38 на овој правилник, се обезбедуваат и податоци за установата од која тој доаѓа.

**Член 36**

Доколку студент бара заверка на добиените кредити заради трансфер на друга институција, Бреинстер Некст ќе издаде потврда (заверка) на кредити во рок од 7 работни дена. На име трошоци за издавање на потврда (заверка) на кредити, Бреинстер Некст може да побара од студентот да плати надоместок утврден во актите на Бреинстер Некст.

**Член 37**

Податоците од досието на студентот се заштитени согласно законот, статутот и другите акти на Бреинстер Некст.

**Член 38**

За се друго што не е регулирано со овој Правилник, важат одредбите на Законот за високото образование и Статутот на Бреинстер Некст.

**Член 39**

Овој Правилник стапува во сила со неговото донесување. Одредбите од овој Правилник се применуваат на сите акредитирани студиски прогами на прв циклус студии на Бреинстер Некст Скопје. Со стапување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за единствени правила за студирање бр.123-0206/2022 од 05.10.2022 година.

**БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје**
**Наставнички Совет**
**Директор**
**М-р Анја Марија Макеска**